| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Во нашата градинка |
| **Содржина на денот** | Мојата градинка |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Сања Ѓуреска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Запознавање и разговор за поимот физичка дистанца или физичко растојание (сл.1) со помош на практични примери (раширени раце, одбележено место со оддалеченост од 1.5 до 2м. и сл.)<br>Ќе се води разговор зошто сме дома и на кој начин можеме да го зачуваме нашето здравје. |
| **Активности** | 1. Разговор на тема – Мојата градинка<br>Активноста започнете ја со драматизација на главните ликови Јана и Јане кои разговараат за градинката како пријатно и убаво место за сите деца ( за драматизацијата може да користите кукли кои ги имате дома, или пак да изработите ликови од хартија или картон, да ги избоите, исецкате  и да ги залепите на стапче - сл.2) . Детето поттикнете го внимателно да слуша и да одговара на прашањата  кои ќе му ги поставуваат  Јана и Јане.<br>Пример како може да ја започнете драматизацијата:<br>-Здраво детенце! Ние сме Јана и Јане, твоите нови другарчиња.<br>-Како се викаш ти?<br>Ние сакаме малку да поразговараме, да се дружиме и забавуваме.<br>Ние ја посетуваме градинката ,,13 Ноември“ – објект ,,Јасмин“, но во овој период кога сме дома и учиме од дома, зошто здравјето е најважно, сакаме малку да се потсетиме на нашиот втор дом, на нашата најубава, највесела и најразиграна градинка, која што сите многу ја сакаме.<br>–Кажи ни како се вика твојата градинка?<br>–Како се викаат твоите учителки?<br>–Како се вика твојата група?<br>–Ајде да поразговараме за твоите другарчиња, кои сигурно премногу ти недостигаат ( секогаш кога ќе зборува детето, не го прекинувајте и дозволете му да се искаже).<br>Јана: И мене многу ми недостигаат другарчињата, но ми недостигаат и приказните, најмногу сакам во градинка кога учителката ни чита приказна, а ние внимателно ја слушаме!<br>Јане: Јас пак најмногу сакам кога си играме со коцки со другарчињата и кога конструираме патека за автомобили.<br>-Другарче, а на тебе што ти се допаѓа и што сакаш најмногу да учиш во градинка?<br>-Ајде обиди се да размислиш и да споделиш со нас некоја омилена |

| | |
|---|---|
| | случка која што си ја доживеал во градинка итн.<br> ( дозволете му на детето да размисли, да се потсети и да одговори, воедно поттикнете го да користи правилни реченици).<br>Потоа ќе започнете со разговор по слика и по сеќавање за градинката која што ја посетува детето.<br>Потоа водете разговор за правилата на однесување во градинка (како влегуваме, каде ги оставаме работите на свое место, како ги миеме рачињата со вода и сапун и потоа влегуваме<br>во нашата занимална и ги поздравуваме другарчињата со ,,Добро утро другарчиња“), детето по сеќавање ќе раскажува за местото за игра и за учење ( центрите за учење и развој).<br>-Активноста завршете ја со цртање ,,Мојата градинка“ на лист од блок со дрвени бои. |
| | |